Врз основа на член 158-ѕ точка 1) а во врска со членот 152 став (1) и (5) од Законот за супервизија на осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014 и 112/2014), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за изменување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење регистри на застапници во осигурувањето, друштва за застапување во осигурувањето, осигурителни брокери, осигурително брокерски друштва и банки

**Член 1**

(1) Во Правилникот за формата, содржината и начинот на водење регистри на застапници во осигурувањето, друштва за застапување во осигурувањето, осигурителни брокери, осигурително брокерски друштва и банки (“Службен весник на РМ “бр. 12/2011), во членот 4, по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:
“(4) Уписот на податоци во соодветниот регистар се врши во рок од 24 часа од настанување на промената.”

(2) Ставот (4) станува став (5).

**Член 2**

(1) Во членот 5, во алинеја 5 зборовите: “и адреса” се бришат.

(2) Во алинеја 9 пред зборовите: “телефонски број и број на телефакс” се додава зборот: “Службен”.

(3) Алинеја 11 се брише.

**Член 3**

(1) Во членот 6, во алинеја 5 зборовите: “и адреса” се бришат.

(2) Во алинеја 9 пред зборовите: “телефонски број и број на телефакс” се додава зборот: “Службен”.

(3) Алинеја 11 се брише.

**Член 4**

Во членот 7, алинеја 6 се брише.

**Член 5**

Во членот 8, алинеја 5 се брише.

**Член 6**

Во членот 9, алинеја 7 се брише.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

**Бр.02-257/4** **Претседател на Советот на екперти**

**19.03.2015 година** **д-р Климе Попоски**